# ПОЗИЦИЈА НА КСС ЗА ПРАВЕДНАТА ТРАНЗИЦИЈА

## Став на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија

КОНФЕДЕРАЦИЈА НА СЛОБОДНИ СИНДИКАТИ НА МАКЕДОНИЈА
CONFEDERATION OF FREE TRADE UNIONS OF MACEDONIA

International Labour Organization

# СОДРЖИНА

Предговор
1. Што е праведна транзиција
   › Меѓународни обврски на Македонија
   › Зошто синдикатите се клучни
   › Реалноста во Македонија
2. Нашите принципи
3. Клучни празнини
4. Барања на КСС
5. Заклучок

## ПРЕДГОВОР

Светот се менува, а со него и нашите работни места. Се соочуваме со две големи промени во светот кои веќе влијаат на пазарот на трудот, на сите работници: зелената и дигиталната транзиција. Државата се приклучи кон глобалните предизвици и во тек е транзиција кон одржлива енергија со цел да се ограничат климатските промени. Потребно е одржливо да се намалат стакленичките гасови главно со постепено намалување на користење на енергија добиена од јаглен.

Што значи тоа за нас?
Сето тоа носи огромни предизвици во досегашното нормално функционирање на заедницата. Државата вети дека ќе стане “зелена”, а во пракса тоа значи дека постепено треба да се затворат термоелектраните на јаглен до 2050 година.

Ова не е далечна иднина – ова се случува сега и директно ќе влијае на илјадници наши колеги и нивните семејства.

Од друга страна пак новите технологии го менуваат начинот на кој работиме и работниците постепено мора да се прилагодат на новите промени кои ќе го редефинираат пазарот на трудот. Некои професии ќе згаснат, а нови професии ќе станат доминантни.

Овие промени се неизбежни. Но, прашањето кое КСС го поставува не е дали ќе се случат, туку како. Дали товарот ќе падне на грбот на работниците или транзицијата ќе биде ПРАВЕДНА за сите?

**Овој документ е нашиот став. Нашата позиција.**



## 1. ШТО Е ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА?

Праведната транзиција е концепт кој потекнува од синдикалното движење, а е развиен од Меѓународната конфедерација на синдикати (ITUC) кој се заснова на идејата дека преминот кон зелена, климатски неутрална економија мора да се случи на начин кој ги штити работниците и заедниците. Затворањето на индустрии кои силно загадуваат, како електраните или тешката индустрија, директно влијае на илјадници работни места и цели региони кои зависат од нив. Без соодветно планирање, работниците може да останат без работа, семејствата без приходи, а локалните заедници да западнат во економска криза. Овој концепт признава дека зелената и дигиталната транзиција се неопходни и неизбежни, но инсистира товарот да не падне на работниците и заедниците.

**ЗЕЛЕНАТА ТРАНЗИЦИЈА** значи преод кон економија со ниски емисии на јаглероден диоксид за да се спречат катастрофалните климатски промени. За Македонија, ова конкретно значи:

- Постепено затварање на термоелектраните на јаглен (РЕК Битола и РЕК Осломеј)
- Преод кон обновливи извори на енергија (сончева, ветерна, хидроенергија)

Со Долгорочната стратегија за климатска акција за периодот 2020 – 2050 година, државата се обврзала да ги намали нето емисиите на стакленички гасови до 2050 година за 72% во однос на 1990 година, што претставува амбициозен план.

**ДИГИТАЛНАТА ТРАНЗИЦИЈА** значи масовна примена на нови технологии, автоматизација, вештачка интелигенција и дигитализација на работните процеси.

Сето ова влијае на:

- Начинот на кој работиме
- Вештините што ни се потребни
- Видот на работни места кои се создаваат и губат

Двете транзиции се случуваат истовремено и заедно создаваат огромни промени. Некои работни места ќе исчезнат, други ќе се трансформираат, додека пак нови ќе се создадат.

### Меѓународни обврски на Македонија

Нашата земја не е сама во овој процес. Со потпишувањето на Парискиот договор во 2016 година, кој претставува меѓународен договор во рамките на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени, за ублажување, прилагодување и финансирање на климатските промени, Македонија станува потписничка на овој глобален договор за борба против климатските промени. Потпишувањето на овој договор за нас како земја ни носи обврски и со него се обврза да:

01 ГО ОГРАНИЧИ ГЛОБАЛНОТО ЗАТОПЛУВАЊЕ ПОД 2°C (ИДЕАЛНО 1.5°C)

02 ПОДНЕСУВА НАЦИОНАЛНО УТВРДЕНИ ПРИДОНЕСИ (NDCS)

03 РЕДОВНО ДА ИЗВЕСТУВА ЗА НАПРЕДОКОТ НА ЗЕМЈАТА

Како кандидат за членство во процесот на пристапување кон Европската Унија, Македонија има и други меѓународни обврски кои се однесуваат на усогласување со:

- Европскиот зелен договор (European Green Deal)
- Климатската и енергетската рамка на ЕУ
- Директивите за обновлива енергија и енергетска ефикасност

▸ Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (UNFCCC) – обврска за редовно известување и преземање мерки за климатска акција
▸ Агендата 2030 за одржлив развој – особено Цел 13 (Климатска акција), Цел 7 (Достапна и чиста енергија) и Цел 8 (Пристојна работа и економски раст)

## ПРАВЕДНАТА ТРАНЗИЦИЈА значи:

- Ниту еден работник да не остане без основните приходи за живот поради затворање на компании или индустрии

- Секој погоден работник да има право на:

  ◇ Нова, пристојна работа со соодветни примања и услови
  ◇ Квалитетна обука и преквалификација
  ◇ Социјална заштита во период на транзиција

- Државите кои се зависни од „кафеави" индустрии (јаглен, тешка индустрија) да добијат нови инвестиции и можности за развој, а да не се препуштат на економски колапс и иселување

- Кога транзицијата се планира заедно со работниците и нивните претставници, а не се наметнува од горе

### Зошто синдикатите се клучни?

Синдикатите се глас на работниците и единствениот организиран претставник на нивните интереси. Синдикатите играат централна улога во процесот на праведна транзиција преку социјалниот дијалог и колективното преговарање.

Тие мораат да бидат вклучени во сите фази на планирање и спроведување на политиките за климатска транзиција, бидејќи најдобро ги познаваат потребите и реалноста на работниците.

Доколку синдикатите не се вклучат во процесот на транзиција тогаш тоа ќе значи дека:

- **Одлуките ќе се носат без консултација со оние кои најмногу се погодени**
- **Социјалните аспекти ќе се занемарат во корист на економските или еколошките аспекти**
- **Работниците можат да останат без заштита и поддршка**
- **Транзицијата може да предизвика отпор наместо соработка**

Меѓународната организација на трудот (МОТ), Европската унија и Парискиот договор експлицитно нагласуваат дека праведната транзиција бара активно учество на синдикатите и социјален дијалог.

### Реалноста во Македонија

Иако Македонија усвои амбициозни планови за зелена транзиција, постои празнина меѓу она што е содржано во формалните политики и нивната практична примена:

- Државниот завод за ревизија констатираше дека Македонија не е подготвена да ги затвори термоелектраните до 2030
- РЕК Битола и РЕК Осломеј сè уште се главни производители на електрична енергија
- Целта од 38% обновливи извори до 2030 е далеку од досегашниот тренд
- Над 3.400 работници од Битола, Новаци, Кичево, Могила се директно погодени, а преку 10.000 жители индиректно, односно нивните семејства. Цели локални економии зависат од овие работни места
- Недостасува конкретна имплементација на праведна транзиција
- Синдикатите не се вклучени во Советот за праведна транзиција

## 2. НАШИТЕ ПРИНЦИПИ

КСС ја поддржува зелената транзиција, но таа мора да биде праведна. Затоа инсистираме на следниве принципи:

✓ **ПРАВЕДНОСТ ПРЕД СÈ**
Секоја мерка за затворање на електраните мора да биде придружена со конкретни и релани и остварливи мерки за заштита на работниците.

✓ **ЦЕЛОСНА ИНТЕГРАЦИЈА НА СИНДИКАТИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ТРАНЗИЦИЈА**
Работниците и нивните претставници мора да бидат вклучени во сите фази:

планирање, одлучување, имплементација, мониторинг на политиките и инвестициите поврзани со транзицијата, контрола на процесите.

- **ДОСТОИНСТВО НА ТРУДОТ**
  Вработените во погодените региони не смеат да останат без основните приходи за живот, секој работник мора да има пристап до обука и можности за вработување да има право на нова работа или пристојна пензија.

- **НОВИТЕ „ЗЕЛЕНИ" РАБОТНИ МЕСТА МОРААТ ДА БИДАТ ПРИСТОЈНИ** – со достоинствени приходи, безбедни услови и социјална заштита.

- **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

- **ЗАШТИТА НА РЕГИОНИТЕ**
  Посебен фокус на Пелагониски и Кичевски регион – инвестиции кои создаваат работни места и го спречуваат иселувањето на населението.

- **ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**
  Систематски програми за преквалификација и обука – за да можат работниците да добијат нови вештини и работа со пристојни услови и приходи.

Како синдикат досега имаме преземено различни активности за справување со предизвиците на зелената транзиција:

- Организирање едукативни работилници за нашите членови за да се запознаат со европските и националните климатски политики
- Учество во различни проекти за истакнување на прашањата за климатските промени

- Мрежно поврзување со други синдикати за споделување искуства во управувањето со зелената транзиција
- Спроведување анализи на различни сектори за да се процени како зелената транзиција ќе влијае врз вработеноста и работните услови
- Поднесување иницијативи и предлози до релевантните институции и компании

## 3. КЛУЧНИ ПРАЗНИНИ

Иако постојат многу национални планови и документи, реалноста е поинаква. КСС ги дефинираше следните клучни празнини:

- **Нема конкретна имплементација – ветувањата се на хартија, не во пракса**

- **Синдикатите се исклучени – досега немаше вистински социјален дијалог за праведната транзиција**

- **Нема транспарентност – менаџментот на компаниите не комуницира отворено со синдикатите**

- **Социјалните мерки се нејасни – нема детален план кој работник што ќе добие и кога**

- **Нема систем за следење на вештини – не знаеме кои обуки се потребни и каде**

- **Синдикатите не се дел од Советот за праведна транзиција – иако ЕУ инсистира работниците да учествуваат**

## 4. БАРАЊА НА КСС

Праведната транзиција не е апстрактна идеја, туку бара многу конкретни мерки. КСС јасно ги поставува следниве барања пред Владата, работодавачите и институциите:

✓ **ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИНДИКАТИТЕ**
- Формално учество во Советот за праведна транзиција
- Учество во сите фази на креирање политики за зелена транзиција
- Редовна и транспарентна комуникација

✓ **СОЦИЈАЛЕН ПЛАН СО ЈАСЕН БУЏЕТ**
- Кој работник е погоден
- Што ќе му биде понудено (нова работа, обука, пензија)
- Кога и како ќе се реализира
- Колку пари се обезбедени и од каде

✓ **ТРАНЗИЦИЈА ПО ПРИРОДЕН ПАТ**
- Предвремено пензионирање за работници кои се близу до пензија
- Доброволни програми наместо принудни отпуштања

✓ **ЗАШТИТА НА РЕГИОНИТЕ**
- Стратешки план за нови инвестиции во Битола, Кичево, Новаци
- Спречување на демографска криза и иселување
- Зачувување на локалната економија

✓ **ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**
- Програми за преквалификација приспособени на реалните потреби
- Соработка меѓу образовни институции и компании
- Национален систем за следење на зелени вештини

✓ **ЈАКНЕЊЕ НА СИНДИКАТИТЕ**
- Обуки за синдикални претставници
- Зајакнување на капацитетите за застапување

## 5. ЗАКЛУЧОК

Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија е подготвена да учествува конструктивно во овој процес. Но, без вистинско учество на работниците, транзицијата нема да биде праведна. Работниците од погодените сектори не смеат да останат сами со последиците од глобалните и национални одлуки.

Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија во следниот период ќе работи на зајакнување на капацитетите на синдикалните претставници за да можат да учествуваат во социјалниот дијалог и колективното преговарање и да бидат рамноправен партнер во планирањето и спроведувањето на политиките на зелената транзиција.

Нашето барање е вистински социјален дијалог и конкретни мерки кои не само што ќе што ќе го направат процесот на транзицијата да биде праведен, туку и ќе ги подобрат работничките услови.

Затоа синдикатите мораат да бидат дел од решението – не само набљудувачи на процесот.

**Праведната транзиција е можна – ако работиме заедно и ако работниците имаат одлучувачки глас.**

**Конфедерација на слободни синдикати на Македонија**
Октомври 2025

Овој документ е изработен во рамки на активноста „Синдикатите за праведна транзиција" која ја спроведува Конфедерација на слободни синдикати на Македонија со поддршка од Меѓународната организација на трудот (МОТ)